Здружение за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА
Бр. 98/03-06
13.01 2023 год.
Скопје

# БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ БР.1

Здружението за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА Охрид *од Охрид,* има потреба од спроведување на верификувана обука за сертифицирање на 15 негуватели за давање на социјалната услуга: Помош и нега во домот, за лица со навршени 65 годишна возраст – стари лица.

Услови за спроведување на обуката:

- Датум на започнување: Обуката потребно е да започне да се реализира на: 01.02.2023 година;
- Програма: Обуката потребно е да се одвива согласно верификувана програма од страна на ЈУ Центар за образование на возрасните;
- Место на одржување: Обуката потребно е да се реализира на подрачјето на Општина Пласница;
- Сертификат: По завршување на обуката на учесниците да им се издаде сертификат: „ Негувател/ка на стари и изнемоштени лица”.

Потребни квалификации на Давателот на обуката:

- да биде верификуван за давање на обука за негувател за давање на социјалната услуга Помош и нега во домот, од страна на Министерството за образование и наука;
- да не постои судир на интереси со Давателот на услугата (појаснување: *Давателот на услуга нема да биде подобен за добивање на финансиски средства во рамките на договорот за грант за финансирање на обуката, доколку истиот се јави и во улога на Давател на обуката*)

За најповолна ќе биде избрана онаа понуда која ги исполнува погоренаведените барања и квалификации, а воедно понудувачот има понудено најниска евалуирана цена.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат на следната електронска адреса: draganakostevska@gmail.com

Понудите се доставуваат во електронска форма на е-поштата на Давателот на услуга: victimskopje@gmail.com, со назнака: Понуда за спроведување на обука Негувател/ка на стари и изнемоштени лица.

Краен рок за доставување на понудите е 20.01.2023 година.

CS CamScanner